Врз основа на член 5 став (1) од Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 108/20, 133/20, 49/22, 54/22, 64/22, 125/22, 218/25, 48/26, 60/26 и 87/26), Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седница одржана на 20 мај 2026 година, донесе

# Одлука

**за определување на ескалираната густина $\rho_e$ и деескалираната густина $\rho_d$, на секој нафтен дериват и гориво за транспорт, висина на надоместокот P за премија, транспортните трошоци T до склад во Република Северна Македонија и висината на надоместокот D за трошоци за работење преку склад и трговска маржа со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи**

## Член 1

Со оваа одлука се определуваат ескалираната густина $\rho_e$ и деескалираната густина $\rho_d$, на секој нафтен дериват и гориво за транспорт, висина на надоместокот P за премија, транспортните трошоци T до склад во Република Северна Македонија и висината на надоместокот D за трошоци за работење преку склад и трговска маржа со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи, коишто ќе се применуваат во период од 25 мај 2026 година до 29 ноември 2026 година.

## Член 2

(1) Деескалираната густина $\rho_d$ на секој нафтен дериват и гориво за транспорт од член 2 став (1) на Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт со исклучок на мазутот М -1 изнесува:

- за моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС – 95 .......... 0,743 (kg/l),
- за моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС – 98........... 0,751 (kg/l) ,
- за дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) .........0,822 (kg/l) и
- за масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) ...... 0,827 (kg/l),

(2) Ескалираната густина $\rho_e$ на секој нафтен дериват и гориво за транспорт од член 2 став (1) на Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт со исклучок на мазутот М -1, изнесува:

- за моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС – 95 ............0,755 (kg/l),
- за моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС – 98 ............0,755 (kg/l),
- за дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) ......... 0,845 (kg/l) и
- за масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) ........0,845 (kg/l).

**Член 3**

Надоместокот за премијата (P) за секој нафтен дериват и гориво за транспорт изнесува:

- за моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС – 95 .. ........ 75 USD/t ,
- за моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС – 98 ..........117 USD/t ,
- за дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) ......... 55 USD/t ,
- за масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1)........ 56 USD/t и
- за мазут М-1.......................................................... 88 USD/t.

**Член 4**

Највисокиот надоместок T за транспортни трошоци до склад во Република Северна Македонија за секој нафтен дериват и гориво за транспорт изнесува:

- за моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС – 95............. 25 USD/t ,
- за моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС – 98..............25 USD/t ,
- за дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)............25 USD/t ,
- за масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1)..........25 USD/t и
- за мазут М-1............................................................ 25 USD/t.

**Член 5**

(1) Највисокиот надоместок D за секој нафтен дериват, освен за Мазут М-1, во вкупен износ од 7,70 МКД/l, се пресметува како збир од највисоките надоместоци за трошоци за работење преку склад, трговска маржа, и транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи, коишто за секој нафтен дериват и гориво за транспорт, поодделно изнесуваат:

а) Трошоци за работење преку склад:

1) за моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС – 95.......1,20 MKD/l,
2) за моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС – 98.......1,20 MKD/l,
3) за дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V).... 1,20 MKD/l и
4) за масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1)...1,20 MKD/l.

б) Трговска маржа:

1) за моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС – 95...... 5,50 MKD/l,
2) за моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС – 98.......5,50 MKD/l,
3) за дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V).....5,50 MKD/l и
4) за масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1)...5,50 MKD/l.

в) Транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи:

1) за моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС – 95........... 1,00 MKD/l,
2) за моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС – 98...........1,00 MKD/l,
3) за дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)......... 1,00 MKD/l и
4) за масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1)........1,00 MKD/l.

(2) Надоместокот D за Мазут М-1 изнесува 3,00 MKD/kg и тој не го содржи надоместокот за трговска маржа со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, се објавува во “Службен весник на Република Северна Македонија” и на веб-страницата на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а ќе отпочне да се применува од 25 мај 2026 година.

**бр.02-814/1**
**20 мај 2026 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Во согласност со член 5 од Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 108/20, 133/20, 49/22, 54/22, 64/22, 125/22, 218/25, 48/26, 60/26 и 87/26), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, врз основа на податоците од Царинската управа на Република Северна Македонија, како и податоците добиени од следењето на состојбите и функционирањето на пазарот, двапати годишно донесува одлука за определување на густината на секој нафтен дериват и гориво за транспорт од член 2, став (1) од овој правилник, со исклучок на мазутот М-1, како и за висината на надоместокот P за премија со вклучени транспортни трошоци до склад во Република Северна Македонија и висината на надоместокот D за трошоци за работење преку склад и трговска маржа со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи.

Оваа одлука се донесува најдоцна до последниот понеделник во мај во тековната година за периодот од последниот понеделник во мај до последниот понеделник во ноември во тековната година и најдоцна до последниот понеделник во ноември во тековната година, за периодот од последниот понеделник во ноември во тековната година до последниот понеделник во мај во наредната година. Во согласност со овие законски обврски Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија најдоцна до 25 мај 2026 година (понеделник) треба да донесе одлука за определување на ескалираната густина ρe и дескалираната густина ρd на секој нафтен дериват и гориво за транспорт, висината на надоместокот P за премија, транспортните трошоци T до склад во Република Северна Македонија и висината на надоместокот D за трошоци за работење преку склад и трговска маржа со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи.

Подготвителната седница се одржа на 20 мај 2026 година, со почеток во 10:00 часот, во просториите на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: РКЕ). Предмет на расправа на подготвителната седница, беше донесувањето на новата одлука за определување на ескалираната густина ρe и дескалираната густина ρd на секој нафтен дериват и гориво за транспорт, висината на надоместокот P за премија, транспортните трошоци T до склад во Република Северна Македонија и висината на надоместокот D за трошоци за работење преку склад и трговска маржа со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи. Согласно член 9 став (6) и (7) од Деловникот за работа, на седницата по електронски пат беа поканети сите членови на РКЕ, претставници од Министерство за финансии на Република Северна Македонија – Царинска управа, Министерството за енергетика и минерални суровини на Република Северна Македонија, АД ОКТА Рафинерија на нафта Скопје, АД Макпетрол – Скопје, Лукоил Македонија ДООЕЛ Скопје, Супертрејд ДООЕЛ Скопје, ОМ-петрол ОИЛ ДООЕЛ Петровец, Црна Река Петрол ДООЕЛ Кавадарци и Пуцко Петрол ДООЕЛ, Пласница, Стопанска комора на северо-западна Македонија, Стопанска комора на Северна Македонија и Сојуз на Стопански комори на Македонија.

Согласно анализите на податоците обезбедени од Царинската управа на Република Северна Македонија, како и податоците добиени од следењето на состојбите и функционирањето на пазарот на трговците на големо со нафта и нафтени деривати, Регулаторната комисија со предлог-одлуката одлучи да нема промени кај параметрите кои се однесуваат на: надоместокот за премијата (P) за секој нафтен дериват и гориво за транспорт, трошок за транспорт на горивата внатре во државата, трошокот за работа преку склад и трговската маржа, споредено со последната донесена одлука за определување на ескалираната густина ρe и дескалираната густина ρd на секој нафтен дериват и гориво за транспорт, висината на надоместокот P за премија, транспортните трошоци T до склад во Република Северна Македонија и висината на надоместокот D за трошоци за работење преку склад и трговска маржа со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи.

Со предлог-одлуката, беа дадени нови вредности на дескалираните густини коишто се пресметани врз основа на податоците добиени од Царинската управа на Република Северна Македонија, како и од податоците за густина на одделни нафтени деривати добиени од страна на трговците на големо со нафта и нафтени деривати. Врз основа на сите расположливи податоци добиени од Царинската управа, како и податоците од функционирањето на пазарот, Регулаторната комисија за енергетика со предлог-одлуката

предложи намалување на износот на надоместокот (Т) за транспортни трошоци до склад за секој нафтен дериват и гориво за транспорт во Република Северна Македонија во износ од 22 USD/t, а кој претходно беше утврден во износ од 25 USD/t. Предлогот за намалување го образложи и на можностите за транспорт на нафтени деривати преку продуктоводот Солун-Скопје, кој отпочна со работа од почетокот на оваа година и дава реални можности за намалување на трошокот за транспорт, кој е еден од значајните елементи кои влегуваат во структурата на утврдувањето на цените на нафтените деривати.

По однос на предметната одлука учесниците на состанокот имаа забелешки на одредени параметри во Одлуката, а особено укажаа на потребата од неменување на вредноста на транспортните трошоци до склад за секој нафтен дериват и гориво за транспорт во Република Северна Македонија и побараа истиот да биде во износ од 25 USD/t, од причина што сеуште е рано да се согледа позитивното влијание од пуштањето во функција на продуктоводот Солун-Скопје, и неговото влијание во структурата на утврдувањето на цените на нафтените деривати.

На состанокот се заклучи дека во следниот период кој следи, ќе се прават сеопфатни и детални анализи на сите фиксни трошоци во работењето на објектите за големопродажба и малопродажба на нафтените деривати, со цел да се увиди трендот на движење на трошоците во работењето кај трговците со нафта и нафтени деривати во државата.